• Податоци и извештаи од педагошката служба • Податоци од одделенски раководители одделенски дневници • Податоци од административна служба, и главна книга • Програма за работа и Извештај за работа на училиштето • Списоци на деца од реонот на училиштето • Известувања МОН и ДПИ	**2.2. Задржување / осипување на учениците** При уписот на учениците во прво одделение се настојува во однос на реонизацијата учениците да бидат максимално опфатени. За таа цел, се преземаат различни активности (посети на семејства, испраќање покани, флаери до родителите и сл.) . **2.2.2 Редовноствонаставата** Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано ги следи изостаноците , ги анализира причините за отсуство од настава и на време превзема конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците. Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати: *Сите наставници се изјасниле дека континуирано го следат редовното доаѓање на учениците и изостаноците ги заведуваат во одделенските дневници.* **2.2.3. Осипување на ученици** Осипувањето на ученици е незначително, тоа е резултат на намалениот прираст на население. Бројот на ученици кои го напуштаат нашето училиште е многу мал, а причините за тоа најчесто се промена на адреса, заминување во странство, потреба од дневен престој или целодневна настава за учениците од пониските одделенија и сл. **2.2.4. Премин на ученици од едно во друго училиште** При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот и истите ги зема во предвид при натамошна образовна работа со ученикот. Во случај на дијагноза на поголеми осцилации во осипувањето на ученици, училиштето ги превзема следните мерки : • Средба и разговори со родителите • Разговор со локална самоуправа. • Разгледување на проблемот на наставнички состаноци • Разгледување на проблемот на состаноците на Училишниот Одбор. • Пратено известување со список на осипаните ученици до просветниот инспекторат.
• Увид во педагошка евиденција и документација • Записникоднаставничкисовет • Годишенизвештајзаработанаучилиштето	**2.3. Повторување на учениците** **2.3.1. Ученици што не ја завршуваат годината** Во нашето училиште нема ученици кои не ја завршуваат учебната година, односно во учебните 2020/2021 и 2021/2022 нема случај на повторување на ученици.

Резултати:

Клучни јаки страни:

- Континуираноследењенапостигнувањенаученициодразличнаполова, етничкаприпадностспореднаставнипредмети
- Подобрувањанапостигнувањанаученициприкуредовна ,дополнителна и додатнанастава.
- Опфатеностнаученцитесовоннаставнитеактивностиорганизиранивосекции и групи. Продуктивнатаработаодовиесекциисеекспонираноодредениучилишниманифестации и приредби, а најмногупрекуученичкитенатпреваринаопштинско, регионално и државнониво.
- Значајнипостинувањаводелотнаекологијата и меѓуетничкаинтеграцијанаучениците.
- Нашетоучилиштеоствaрувасоработкасолокалнатасамоуправа, како и соработка и размененаискуствасодругиучилишта, организации, соЗаводотзаменталноздравјенадеца и младинци и локалнатасредина.
- Осипувањето е условеноодднекомуникацијатаград - село, затоаштоучилиштетосесметакакоридскопланинско и однегативнитеусловикоисеусловизанормаленжовотнасело. Миграцијата е честавоселото, заподобраегзистенцијанасемејствата.
- Повторувањевонашитоучилиштенема.

Слабости

- Нашата слаба страна се недоволно опремени училници, мал број на основни нагледни средства и помагала, немање услови за кабинетска настава кои се основен услов за имплементација на Кембриџ програмата во наставата по математика и природни науки и концепцијата за четврто одделение. Исто така како најголема слабост се издвојува немање на доволно брза и стабилна интернет конекција за реализирање на наставни содржини со примена на ИКТ и водење on line педагошка документација.
- Недоволнасоработкамеѓунаставниците, директорот и стручнатаслужба и нивнакоординиранаработа.
- Потреба од поголема ангажираност на Советот на родителите при изноаѓање на финансиски средства спонзорство, подршка и помош од МОН, Локалната самоуправа како логистичка поддршка за училишните проекти и слично.
- Следењенапостигањатанаученицитеприпреминодеденводругобразовенциклусодосновновосреднообразование

Анализа на резултатите:

При реализација на овој подрачје дојдовме до следните резултати и согледувања:
Постигнувањата на учениците на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година по предмети, пол и етничка припадност се релативно добри, но треба да се вложат заеднички напори од страна на наставниците, родителите, а особено од страна на учениците за да бидат тие постигнувања уште подобри. Учениците во текот на цела година се оценуваат формативно, но на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година учениците од I до III одделение се оценуваат описно, а учениците од IV до IX одделение се оценуваат бројчано.
Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување. Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.
Подобрувањето на постигнувањата на учениците, наставниците од нашето училиште го стимулираат преку вклучување во разни проекти, дополнителна и додатна настава, учество на натпревари, екскурзии, преку работата на стручните активи и слично. Соодветна и навремена стимулација, коректен однос наставник/ ученик, подобрување на соработката со родителите се добар начин за подобрувањето на успехот кај учениците.
Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците.
Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.
Училиштето бележи постојан раст на бројот на вклучени ученици од мешан етнички состав во заедничките активности.
Осипувањето на учениците е сосема незначително што се гледа од приложените извештаи. Тоа е пак доволен показател дека училиштето успешно го остварува образовниот процес, односно наставните и воннаставните активности и покрај големиот недостаток на материјални и финансиски средства

Идни активности:
1.Обезбедување на поголем број на современи материјално - технички средства и наставни помагала за опремување и подобрување на инфраструктурната состојба на училниците или пак нивно адаптирање кои ќе им помогнат на учениците во напредувањето и зголемено учество во сите активности кои ги организира училиштето и постојана и стабилна интернет конекција.
2.Следење постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование.
3. Транспарентност во информирањето за постигањата на учениците на натпреварите.
4.Поголема професионална соработка помеѓу наставниците, директорот и стручната служба.

Подрачје 3 Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар

Извори на податоци	Кои информации се собрани?
• Интерни акти • Разговор со стручната служба, наставниците и директорот • Листи од спроведени интерни обуки • Анкетен прашалник за наставниците	**3.1.1. Број на вработени и соодветност на наставниот кадар** Училиштето располага со соодветен кадар по сите предмети за реализација на воспитно-образовниот процес.Наставниот процес во училиштето согласно со Годишната програм за работа на училиштето го реализираат 25 наставници, од кои 8 во одделенска настава и 17 во предметна настава. На приправниците редовно им се одредува ментор, а менторите редовно изготвуваат програма за работа со наставник-приправник и ја следат нивната работа. **3.1.2. Ефективност и распоредување на кадарот** Наставниот кадар е редовен на работа и коректно се однесува кон пропишаните работни задачи и се однесува согласно според кодексот на однесување.Наставниот кадар според стручната подготовка содејствува со критериумите пропишани со Законот за основно образование.Наставниците поседуваат квалификации и искуства стекнати низ процесот на нивното стручно оспособување. **3.1.3. Стручна служба како поддршка на наставниот кадар** Стручната служба во училиштето дава подршка на наставниот кадар, што може да се види од одговорите на прашањето ,,Стручниот соработник во училиштето е секогаш отворен за соработка со мене и ми дава квалитетна подршка за професионален развој” на кое 95% потполно се согласуваат, додека 5% делумно се согласуваат . Наставниците од страна на стручната служба во училиштето редовно добива напатствија за водење на педагошката евиденција. Учениците во секое време можат да добијат соодветна помош од страна на стручниот соработник. Наставниците приправници постепено се воведуваат во работата со добивање на соодветна подршка.

	3.2. Следење на развојните потреби на наставниот кадар Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку анкети и разговори.Училиштето врши дисеминација на обуки за различни проблематики кои се директно врзани со наставните програми, што може да се види од анкетата , каде 50% се согласуваат дека применува и споделува знаења и вештини стекнати на обуки во својата практика за подобрување на својата работа.
	3.2.1. Професионален развој на наставниците Училиштето ја почитува законската рагулатива за професионален развој на кадарот при што внесува ефективни иновации во работата и ја следи работата на наставниците.Секој наставник има свое професионално досие за професионален развој. Наставниците подеднакво добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од МОН и од БРО, како и проекти кои се спроведуваат од страна на акредитирани домашни и странски организации, после кои се организираат интерни обуки.Училиштето има програма за професионален развој на училиштето. Знаењата и искуствата стекнати на вакви обуки, секогаш се пренесуваат и на останатиот наставен кадар преку интерни обуки и семинари, што може да се види од анкетата, каде 50% се согласуваат дека применува и споделува знаења и вештини стекнати на обуки во својата практика за подобрување на својата работа. Социологот на училиштето води евиденција и поседува докази за личен професионален развој, што се гледа од анкетата, каде 95% од наставниот кадар се изјаснил дека се согласува.За таа намена се водат Досие за професионален развој и Педагошки картон за секој наставник.Во рамките на подобрување на ефективноста и креативноста на работата, наставниците ги ажурираат портфолијата за професионален развој.

Други извори на собрани податоци	Кој беше вклучен во собирање на информации	**Кои информации се собрани?**
Анкетни прашања за наставници Годишна програма План за развој на училиштето Самоевалуација 2020-2022 Записници од стручни активи Записници и одлуки од Наставнички совет Програми за работа на ментор со приправник Портфолија и педагошки картони на наставниот кадар Потврди и сертификати од посетени обуки и семинари	Наташа Кипријановиќ Игор Беличански Гордана Димитриева	Стручните соработници во училиштето заедно со директорот на училиштето постојано ја следат работата на наставниот кадар преку посета на часови и внесување на податоци во педагошкиот картон и професионалното досие на наставниците. Стручните соработници го поттикнуваат наставничкиот кадар за иновативен пристап во наставата. Тие во својата програма планираат и спроведуваат разновидни активности поврзани со наставниот процес и секогаш се отворени за соработка Редовноста, квалификациите, работното искуство и стручноста на персоналот се во рамките на законските одредби. Училиштето континуирано обезбедува поддршка за подобрување на стручните способности преку посета на семинари одржани од страна на институциите: БРО, МОН. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот и ги идентификува потребите за истите. Редовноста на персоналот се евидентира , во пишана форма. Училиштето ја почитува законската регулатива за наставниците приправници. Со одлука на Наставнички совет се одредува ментор на наставникот-приправник, со цел менторот да им помага и да ги насочува за што поуспешна работа и поефикасно реализирање на наставниот процес. Менторот ја следи работата на наставникот, му помага во припрема на годишните и процесните планирања, го упатува во различниот пристап за оддржување на часовите, врши постојани консултации со приправникот и дава свое мислење за неговата работа.

Клучни јаки страни:
• Училиштето има соодветен наставен кадар за реализирање на воспито-образовниот процес и наставниот кадар е во согласност со нормативите • Постои континуиран интерес и желба за стручно доусовршување на наставниот кадар • Училиштето секоја учебна година дава приоритет на професионалниот развој на наставниците • Наставниот кадар во училиштето професионално се усовршува преку посета на семинари и обуки • Водење на педагошки картон и професионално досие за сите наставници • Во училиштето постои пракса за назначување на ментори кои им помагаат во извршувањето на работните задачи на наставниците –приправници • Секој наставник изготвува план за личен професионален развој • Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој
Слаби страни:
➢ Нестабилен интернет . ➢ Слабата брзина на интернетот и почесто немање е причина за отежнато реализирање на ИКТ часови. ➢ Училиштето не обезбедува средства за учество на обуки и семинари ,кои се организирани од страна на други институции, невладини организации, и наставниците ги посетуваат обуките со самофинансирање. Котизацијата ја плаќаат од сопствени средства. ➢ Недоволно се врши размена на искуства преку примери на добра пракса со отворени нагледни часови ➢ Училиштето располага со стручна литература која делумно ги задоволува потребите на наставниците.

Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето
❖ Училиштето да обезбеди средства за учество на обуки и семинари. ❖ Збогатување на книжниот фонд во училишната библиотека со лектирни изданија и стручна литература за наставниците,набавување на практични материјали за кабинетот по хемија ,биологија, ❖ Да се реализираат нагледни часови за размена на искуства ❖ Континуирано стручно усовршување на вработените преку посета на семинари и обуки за ИКТ часови и инструкции од надлежен инспектор за подготовка на дневните планирања за наставниците од предметна и одделенска настава.

Подрачје 4 **Управување и раководење со училиштето**

Бр.	Индикатори за квалитет	Теми
4.1.	Раководење со училиштето	4.1.1. Управување со училиштето 4.1.2. Раководење со училиштето
4.2.	Цели и креирање на училишната политика	4.2.1. Цели и креирање на училишната политика
4.3.	Развојно планирање	4.3.1.Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива 4.3.2. Транспарентност во планирањето на училишниот буџет
4.4.	Сместување и просторни капацитети	4.4.1. Цели на развојното планирање 4.4.2. Инфраструктура

- Записници од наставнички совет
- Правилник за работа во УО
- Годишна програма за работа на училиштето
- Правилник со опис и попис на работни задачи на вработените
- Статут на училиштето за основно образование
- Програма за работа на директорот
- Програма за работа на социологот
- Записници од Наставнички совет, Одделенски совет, Училишен одбор, Совет на родители
- Записници од одделенски актив и стручни активи(природ

4.1.2.Раководење со училиштето

Структурата на раководењето во училиштето е директно уредена со Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Законот за работни односи и разни интерни акти на училиштето. Според тоа во училиштето постојат и функционираат сите потребни раководни и управни тела и служби, и тоа директор на училиштето Сузе Велковска Радевска и Училишен одбор (составен од 7 члена, 3 члена од наставниците, 3 члена од родителите, 1 член од локална заедница , согласно зак.Регулатива и Статутот на училиштето).

У Ч И Л И Ш Е Н О Д Б О Р							
пол			општествени структури				
м	ж	вкупно	наставници	родители	локал-на власт	централ власт	вкупно
2	5	7	3	3	1	/	7

Членови на УО се:

- Претставници од основачот (Општина Чучер-Сандево)
  - Игор Левајковски- член
- Претставници од родителите или старатели
  - Жаклина Тасевска - член
  - Христина Кајевиќ - член
  - Ацо Пршевски-член
- Претставници од редот на наставниците
  - Весна Вучковска - претседател
  - Верче Славковиќ - член
  - Даниела Периќ - член

Учесници во раководењето се и сите одделенски раководители на паралелките од одделенска и од предметна настава. Тие се :			
1Гордана Димитриева.– I одд	5.Кристина Јаневска IV-а	9. Верче Славковиќ – VIа одд	13.Даниела Периќ – VIII одд.
2.Драгица Славковска -IIа одд	6.Ана Гурмешевиќ - IVб	10.Николина Ѓорчевска – VIб одд	14.Зорица Кајевиќ – IXа
3.Илинче Митева -II-б одд	7.Наташа Кипријановиќ -Va одд	11. Никола Димовски – VII-а одд	15.Зорица Силјановска IXб
4.Павлинка Стоилковска -III одд	8.Јулијана Јакимовска – Vб одд	12.Весна Вучковска – VIIб одд	

Надлежностите за управување и административните задачи се јасно дефинирани со Статутот на

на група предмети, јазична и општествена) • Записници од ученичка заедница • Список со податоци за членовите на УО • Одделенски дневник, записници и пишани соопштенија	училиштето заснован врз основа на Законот за основно образование. Разрешување на проблемите и размената на идеи зависи од природата на проблемот, со што соработката се остварува по пат на состаноци, интервјуа и дијалог. Состаноците се водат по однапред утврден дневен ред, а ги свикува директорот или претседателот на Училишниот одбор, по барање на вработените. За истото членовите и вработените се информираат преку соопштенија на огласни табли или со покани преку електронска пошта. Во зависност од проблемот состанокот може да биде од отворен или затворен тип (ако се работи за проблем од лична природа). Размената на идеи се остварува на состаноци од отворен тип на пр.: состанок на актив, информативен состанок, одделенски совет, наставнички совет и др. Бројот на состаноците зависи од природата на состанокот, на пр. родителски средби спрема однапред подготвена програма, во прво, петто и шесто деветгодишно образование, планирани се 5 состаноци. Состаноците се водат со дневен ред и записнички се евидентираат во дневникот на паралелката. Покани за индивидуални и групни средби со родителите се реализираат според потребата, како и редовни полугодишни и годишни извештаи за постигнатите резултати на учениците во училиштето. Во текот на целата учебна година сите потребни информации од разни области наставниците ги добиваат преку информатор на огласна табла, како и преку е-пошта. Претставници од локалната самоуправа се покануваат на јубилејните празници на училиштето, на денот на екологија, на значајни МИО проекти, разни пригодни манифестации, како и на други соодветни значајни моменти од работењето на училиштето. Информирањето на учениците се остварува по пат на состаноци на одделенска заедница, на ниво на паралелки и ученичка заедница, на ниво на училиште пишани соопштенија, индивидуални-групни, известувања на ниво на паралелки и одделенија. Воспитно-образовната дејност во училиштето е регулирана со Закон за основно образование во кое што постојат законски мерки и нормативи, куќен ред, како и етички кодекс на однесување. Училиштето располага со 12 училници, 4 кабинети, 1 фискултурна сала, административни простории и 1 библиотека. Заедничка просторија на наставниците е само наставничката канцеларија. Големината на самите училници е иста, освен една училница на приземје која е поврзана со кабинет по хемија. Сите училници се опремени со нови прозори и врати. Во 2018 година е направена реконструкција на фасадата на училиштето, во 2019 година е реновирано приземјето, односно долниот кат, а во 2020/2021 година се реновираше и горниот кат од училиштето. Во училиштето нема кабинетска настава. Воннаставните активности се одвиваат во истите простории каде се одвива наставата, исто и секциите. За организирање и непречено одвивање на наставната програма училиштето има план и распоред кој максимално ги користи сите простории во училиштето. Како заклучок на ова, со добра организација, и покрај оваа ситуација и состојба, наставниот кадар успешно ги реализира своите активности.

• Правилник за педагошки мерки за учениците • Записници од Наставнички совет, Одделенски совет, Совет на родители • Училишен Одбор • Одделенски дневници • Годишна програма за работа на училиштето	Училиштето има правилник за педагошки мерки. Директорот ја креира училишната политика врз основа на годишните програми на наставниците и ја креира Годишната програма за работа на училиштето. За училишната политика се информираат сите вработени преку редовните состаноци пред почетокот на учебната година, во текот и на крајот од учебната година. Учениците добиваат поддршка за унапредување на здравјето преку редовни систематски прегледи, вакцинации, стоматолошки прегледи, се организираат предавања на тема здравје од родители – волонтери, Црвен Крст, одделенски раководители, предметни наставници. Во училиштето има инклузивен тим, кој дава поддршка на наставниците за прифаќање и работа со деца со посебни образовни потреби. Во училиштето наставата се одвива на наставен македонски јазик, а од странски јазици се изучува англиски, француски и германски јазик. За Годишното планирање одговорен е директорот на училиштето во соработка со стручната служба и тим наставници. Училиштето има Развојно планирање кое е во согласност со приоритетите кои произлегоа од претходната самоевалуација. Во Програмата има податоци за кадарот, условите за работа, програми на стручни активи, стручна служба, услови за работа, програмите на одделенските совети и Наставничкиот Совет, Совет на родители, Училишниот Одбор, податоци за организација на наставата. Програмата им се презентира на наставниците на Наставнички совет, на Советот на родители и Училишниот Одбор, се дискутира за неа и по потреба нешто се менува или се додава.
• Увид во финансов план: • Годишна програма за работа • Интервју со директор, • секретар и УО • Записници и одлуки на УО • Понуди • Анкетни лист	Постапките за финансиско работење на училиштето се во согласност со законски норми. Постои транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет. Финансиското работење редовно е следено од директорот на училиштето. Училишниот Одбор редовно го следи и разгледува финансиското работење на училиштето на своите состаноци. Со финансиското работење на училиштето се запознаени Наставничкиот совет и Советот на родители.

Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци	Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации	**Кои информации се собрани?**
Анкетен прашалник за наставници	• Гордана Поповска Чанговска • Даниела Периќ • Милена Мојсовска	Прашалникот го пополнија 25 наставници. - 64% од наставниците се согласуваат дека имаат можност во вклучувањето на училишните приоритети - 88% се согласуваат дека се редовно информирани од страна на стручната служба и директорот - 72% се согласуваат дека добиваат поддршка од стручните соработници при реализирање на своите активности - 32% делумно се согласуваат дека постои соработка и комуникација помеѓу наставниците - 100% се согласуваат дека се одржуваат редовно наставнички совети - 96% се согласуваат дека постои соработка помеѓу наставниците и учениците - 52% се согласуваат дека се информирани за одлуките на училишниот одбор - 56% делумно се согласуваат дека опремноста со нагледни средства и помагала задоволува - 56% се согласуваат дека постои наградување на успешни ученици-јавна пофалба - 64% се согласуваат дека се одржуваат редовно состаноци на стручни активи
Анкетен прашалник за родители	• Гордана Поповска Чанговска • Даниела Периќ • Милена Мојсовска	Прашалникот го пополнија 46 родители - 76% од родителите се согласуваат дека со училиштето добро се раководи и управува - 67% се согласуваат дека училиштето е доволно отворено за соработка со родителите - 65% се согласуваат дека се доволно информирани за напредокот на нивните деца во училиштето - 52% се согласуваат дека се доволно информирани за плановите и активностите во училиштето

Анкетен прашалник за ученици	• Гордана Поповска Чанговска • Даниела Периќ • Милена Мојсовска	Прашалникот го пополнија 63 ученици : - 91% од учениците се согласуваат дека им се дава усна повратна информација од страна на наставниците - 79% се согласуваат дека постои меѓусебна соработка за помош при совладување на одредени содржини - 62% се согласуваат дека континуирано се спроведуваат хуманитарни акции за помош на ученици - 82% се согласуваат дека постои редовна и активна училишна заедница - 94% се согласуваат дека изборот на претставници во ученичката заедница се врши на транспарентен и демократски начин - 83% се согласуваат дека постои примена на соодветни работилници и обуки наменети за ученици - 88% се согласуваат дека постои активност за поддршка на социјално ранливи ученици - 69% се согласуваат дека при донесување на одлуките во училиштето кои се однесуваат на учениците се зема предвид и мислењето на учениците

Резултати:

Клучни јаки страни:

- Во училиштето добро се раководи и управува при што целосно се почитува законот за работни односи и Статутот на училиштето
- Доследно и навремено се спроведуваат донесените решенија и одлуки
- Родителите се активно информирани за напредокот на нивните деца
- Се одржуваат редовно наставнички совети
- Наставниците се редовно информирани од страна на стручната служба и директорот
- Националната, етичката, верската, културната и јазичната различност се почитуваат и негуваат
- Постои активна и успешна ученичка заедница како и соработка помеѓу учениците

Слабости:

- Недоволна комуникација и соработка помеѓу наставниците
- Недоволна информираност за одлуките на училишниот одбор

Анализа на резултатите :

Постојат соодветни постапки во креирање на училишната политика. Притоа се дава голем акцент на соработката со родителите и локалната самоуправа. Родителите имаат големо учество во креирањето на училишната политика со своите видувања, ставови, мислења, искуства и др., а преку нивното учество во работата на училиштето во Советот на родители од чии членови се бираат тројца претставници за Училишниот одбор.

За хигиената и уредувањето на училишниот двор се грижат вработените.

Училишната политика се креира со донесување план за развој на училиштето (годишна програма) со глобални, тематски неделни и дневни планирања на наставниците и укажување од МОН и Бирото за развој или посета на часови од страна на советниците на БРО. Бирото за развој на образованието доставува покани за семинари и обуки за професионално усовршување на наставниците, стручните соработници и директорот на училиштето.Политиката на нашето училиште е безрезервно да им дава поддршка на наставниците за редовно посетување на сите форми на усовршување за што се води евиденција во училиштето.

Во успешно реализирање на политиките и зацртаните цели на училиштето од голема важност е соработката и добрата (професионална) клима меѓу наставниците (соработка меѓу стручни активи: одделенска-предметна).

Меѓудругото училиштето води грижа и евиденција за редовните систематски и санитарни прегледи на своите вработени.

Покрај редовната политика за унапредување на здравјето на учениците која е зацртана со однапред предложена и усвоена програма по определени предмети (биологија, физичка култура и предавања од страна на поканети стручни лица за определена област и здавствени служби).

Политиката за давање поддршка на учениците е регулирана и потпомогната од страна на наставниците, одделенскиот и наставничкиот совет, разни друштва и невладини организации, социјалната и педагошката служба.

Одговорен е МОН, Биро за развој, а на ниво на училиште директорот, стручната служба и стручните активи со наставниците и тимот формиран во училиштето конкретно за активностите врзани со Развојното планирање (мисија на училиштето).

Сакаме да креираме училиште преку партнерски односи со учениците, наставниците, родителите од сите етнички заедници и локалната средина, како и преку користење на современи наставнички методи, техники и средства за работа со кои ќе овозможиме правилен сестран развој на учениците кои ќе поседуваат квалитетни основи за понатамошно образование, а истовремено ќе бидеме и центар на сите уметнички и спортски збиднувања во нашата локална средина.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Поголемо учество и информираност на родителите во креирањето на целите и политиките во училиштето
- Обезбедување финансиски средства за опремување со нови нагледни средства и помагала
- Поголема транспарентност при работата на Училишниот одбор

Подрачје 5: Комуникации и односи со јавноста

Бр.	Индикатори за квалитет	Теми
5.1	Комуникации на ниво на училиште	5.1.1. Комуникација директор -вработен 5.1.2. Стручен соработник – наставник 5.1.3.Комуникација наставник-наставник 5.1.4.Комуникација наставник / стручен соработник со административно-технички персонал
5.2.	Комуникација на ниво на училница	5.2.1.Комуникација ученик-ученик 5.2.2.Комуникација ученик-наставник 5.2.3.Комуникација ученик-стручен соработник
5.3.	Комуникација со опкружувањето на училиштето	5.3.1.Комуникација со родителите 5.3.2.Комуникација со институции од централно ниво:МОН; БРО; ДПИ; ДИЦ

Прегледани документи	Собрани информации
Записници од Одделенски и Наставнички Совети Записници од состаноци на Совет на родители Записници од состаноци на стручен актив Записници од родителски состаноци Записници од состаноци на ученичка заедница Извештаи од спроведени работилници. Пофалници и дипломи Е-дневник СМС Пораки Флаери, брошури, огласни табли, фотографии, видео записи, ученички алманах Училишен весник ,, Во светот на книгите,, Веб страна , Фејзбук профил Лични средби	**5.1.1. Комуникација директор –вработен** Комуникацијата на директорот со наставниците се реализира преку училишен тим, Наставнички совет, стручни активи и индивидуални средби. Вработените редовно се информираат за превземените активности од страна на директорот и имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритети. Комуникацијата се одвива преку следење, анализирање, информирање, координирање, пофалување, и заедничко решавање на прашањата во однос на сите подрачја. **5.1.2. Стручен соработник – наставник** Комуникацијата се одвива преку давање помош и насоки за изготвување на годишните, тематските и дневните планирања од страна на социолог/ педагогот, преку Наставнички совети и стручни активи. Наставникот добива подршка при реализација на дополнителана, додатна настава и вонаставни активности, индивидуални разговори, проекти, семинари, посета на часови, помош на приправници како и преку заедничко работење со стручните тимови во училиштето. **5.1.3.Комуникација наставник-наставник** Повеќето од наставниците не доволно соработуваат меѓу себе од иста или различна група на предмети. Комуникација на наставниците е преку размена на искуства и идеи на ниво на стручни активи, дисеминација по спроведени обуки на ниво на училиште, но недоволна е професионалната соработка и делумно се остварува соработката со наставниците од други училишта. **5.1.4.Комуникација наставник / стручен соработник со административно-технички персонал** Соработката помеѓу наставникот / стручниот соработник и административно техничкиот персонал се остварува со навремени информации за законските измени кои се од интерес на вработените и достапност до информации за непречено реализирање на работните обврски. Се врши постојано сервисирање на опремата и наставните средства , а се води и грижа за хигената во училиштето . **5.2.1.Комуникација ученик-ученик** На транспарентен и демократски начин се врши избор на претставниците во ученичките заедници. Ученичката заедница делумно ги реализира планираните активности во текот

	на учебната година. Постои меѓусебна соработка за помош при совладување на одредени наставни содржини и помош на ученици од социјално ранливи категории и друг вид на проблеми. Се организираат работилници и активности за почитување на различностите. **5.2.2.Комуникација ученик-наставник** Постои соработка помеѓу наставниците и учениците, добра комуникација со учениците, еднаков приод и взаемна почит, што може да се види од спроведената анкета , на која **85,40%** од учениците се согласуваат, **12,20%** делумно се согласуваат и **2,40%** не се согласуваат. За време на часовите се превземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа со давање на постојана усна и пишана повратна информација за постигањата на учениците. Наставниците редовно даваат поддршка на учениците со ПОП, емоционални социјални и здравствени потешкотии. **5.2.3.Комуникација ученик-стручен соработник** Учениците имаат можност за разговор и поддршка од стручниот соработник наставниците, доколку се соочи со било каков проблем во училиштето, што може да се види од спроведената анкета , на која **76,30%** од учениците се согласуваат, **13,50%** делумно се согласуваат и **10,20%** не се согласуваат. Стручниот соработник дава информации и спроведува активности при професонална ориентација, како и ги информира за нивните права и обврски . За подобрување на успехот редовноста и дисциплината стручниот соработник редовно организира советување за учениците.
	Анализа Интерната комуникација во училиштето се реализира преку одржување на Наставнички и Одделенски Совети на кои се презентираат извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците, се споделуваат информации за проектите и активностите во кои е вклучено училиштето. Во изминатите две години поради пандемијата од Ковид 19 Наставничките совети се одржуваа преку платформата Микрософт Тимс преку која непрачено се одвиваше целокупната работа на Наставничкиот совет. Одделенските и предметни наставници преку своите стручни активи разменуваат информации, споделуваат искуства, се информираат за промените во воспитно-образовниот систем кои произлегуваат од надлежните институции. Училиштето по пат на Веб страната на училиштето, Фејзбук профилот на училиштето, соопштенија, огласни табли, флаери, плакати и училишен весник ,,Во светот на книгите,,

	навремено ги информира учениците за целокупниот воспитно образовен систем и разновидни културно-општествени активности и ги анимира за учество во истите. На почетокот на учебната година родителите на учениците првачиња имаат можност преку флаери да се запознаат со основните информации за воспитно-образовната работа на училиштето. По повод приемот на учениците во прво одделение училиштето подготвува свечена приредба на која се поканети и родителите/старателите. Ученичката заедница согласно програмата за работа најмалку еднаш во месецот одржува состаноци и работилници на различни теми. Претседателите на секоја паралелка навремено ги известуваат своите соученици за информациите и сознанијата кои ги стекнале на состаноците. Спроведените активности имаат за цел да го подобрат воспитно-образовниот процес кај учениците и да ги развијат комуникативните компетенции на релација ученик- наставник и ученик-ученик. Училиштето редовно ги информира родителите/старателите, за целокупната воспитно-образовна работа на училиштето и во согласност со тоа развива форми со кои тоа ќе го реализира. По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Училиштето одржува редовна комуникација со родителите на учениците преку: Советот на родители, редовните родителски состаноци, отворените родителски средби и индивидуалните разговори на покана од наставникот и самоиницијативно од родителот,преку фејсбук профилот на училиштето. На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на училиштето и се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки. Родителите-претставници на родителските состаноци ги проследуваат информациите и донесените заклучоци до останатите родители. На редовните родителски средби се информираат родителите за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. Во овие две години поради пандемијата од Ковид 19 училиштето организираше одржување на родителски средби преку Микрософт Тимс платформата за редовни и информативни родителски средби. Отворените родителски средби се за унапредување на комуникацијата на релација родител-наставник-ученик. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на

	родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење. Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци над сто оправдани изостаноци како и на учениците кои манифестираат несооодветно однесување согласно законот се поканууваат на советување кое што го води социологот на училиштето. Е-дневникот , СМС , Микрософт Тимс им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини,постигањата, редовноста на учениците,дополнителна и додатна настава и домашни задачи и родителски средби. Родителите се влкучени во животот и работата на училиштето преку активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем,, , ,,Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието,,. Училиштето до 2020 година е дел од интернационален Ерасмус + проект ,,Мои корени,, кој има за цел размена на искуства и мобилност и обука на наставници и ученици и запознавање на културата и традицијата на другите држави. Во овој проект вклучени се тим од наставнци , ученици и родители. Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители/старатели преку ангажман во организацијата на училишните акции, работилници и проекти како на пр.: ,,Подари книга“ , „ Подари садница“, „Здрава храна“, „ Велигденски хепенинг “ ,,Новогодишен хепенинг,, родители во улога на наставник во проектот ,,Отворена врата,, ,,Музеј на детството,, како и многу други.
	Екстерни односи со јавноста
Записници и извештаи од соработка со: -локална и поширока заедница (УЗ, МЗ, детски градинки, основни и средни училишта, државни институции, владини и невладини организации и здруженија, бизнис сектор... -од посета на културно-научни, образовни,	Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница , истовремено информирајќи ги и за проблемите со кои се соочува.На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации. Спроведени се повеќе заеднички проектни активности, манифестации и изложби со Општината, основните училишта од локалната и пошироката заедница: „Меѓуетничка интеграција во образованието“, „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“. Ерасмус+ проект ,,Мои корени,, „Априлијада“, „ Велигденски

здравствени и верски институции, културни и природни знаменитости Прес соопштенија Прес конференции Соработка со медиумите Конференции и изложби Публикации Фотографии и видео записи Плакати и билборди	работилници“ ,,Новогодишна работилница,,... Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со институциите кои пружаат психолошки и здравствени услуги , со центрите за социјална помош ,Советодавниот центар за родители. Учениците ги промовираат своите знаења и надвор од училиштето преку учество во натпревари од општински, регионален, републички и меѓународен карактер, а резултатите и освоените награди се јавни и тренспарентни. Соработката со средните училишта се остварува преку најразлични форми на културно – образовни активности , а особено е значајна соработката во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците. Преку посета на отворени денови на средните училишта , како и презентации, флаери и плакати, учениците и родителите имаат можност да добијат јасни и прецизни информации за критериумите, условите и уписот во средно образование. Од средните училишта редовно се добива повратна информација за запишаните ученици од нашето училиште. Поголем број на ученици активно учествуваат и ги посетуваат театарските претстави, имаат можност за неформална комуникација и прилика да запознаат различни луѓе и професии.Се остварува соработка со издавачките куќи ,,Арс Ламина,, ,,Просветно дело,, ,,Тримакс,, и други. Континуирано се изведува соработка и организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко(општина Чучер Сандево, урбана заедница, влада на РСМ), музеи(Музеј на град Скопје,Музеј на Македонија, Етнолошки Музеј, Куќата на мајка Тереза, Музеј на македонската борба за државност и самостојност, Археолошкиот музеј), цркви(Св.Спас, Св.Софија, Св.Климент Охридски, Св.Наум) и археолошки локалитети(„Тумба“-Маџари, Скупи, Стоби, Хераклеа).

Методи кои се користени за собирање на податоци	Одговорни за собирање на информации	Собрани информации
Прашалник за наставници	Кристина Јаневска Жозефина Томашевска Зорица Силјановска	Анкетирани се вкупно 20 наставници од кои 18 –ж и 2– м. На прашањето „Вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот “значителен број – 20 наст. (100%) одговориле дека **се согласуваат.** На прашањето „Училиштето потикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители, старатели“ – 13 наст. (65%) одговориле дека се согласуваат, - 4 наст. (20%) делумно се согласуваат а 3 нас. (10%) не се согласуваат.

Резултати:
Клучни јаки страни ▪ Училиштето има партнерски однос со сите чинители на локално, регионално и национално ниво ▪ Со резултатите од својата работа училиштето има влијание врз јавното мислење ▪ Воспитно-образовен процес во училиштето е доволно јавен и транспарентен
Слаби страни • Недоволна професионална комуникација помеѓу наставниците • Ученичката заедница делумно ги реализира планираните активности во текот на учебната година.

Анализа на резултатите:

Приоритетни подрачја

- Ученичката заедница да ги реализира планираните активности во текот на учебната година
- Подобрување и поголема професионална комуникација помеѓу наставниците

Подрачје 6: Училишна клима и култура

Индикатори за квалитет

6.1. Севкупна грижа за учениците

6.2. Здравје на учениците и сите вработени

6.3. Соодветна помош за понатамошно образование за учениците

6.4. Училишна клима и односи во училиштето

6.5. Промовирање на постигањата на учениците

6.6. Еднаквост и правичност

6.7. Финансиско работење на училиштето

6.8. Цели и креирање на училишната политика

6.9. Развојно планирање во училиштето

6.1. Севкупна грижа за учениците

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• План за евакуација • Одделенски дневник • Записници • Правилници • Интервју со одговорно лице од Тимот за евакуација на училиштето • Предавања од стручни лица • Разговори со ученици, наставници и вработени • Анкети за ученици и родители	Просторот во кој учат учениците е безбеден. Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците.Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им пристапуваат чувствително. Училиштето во целост го спроведува законот за заштита од пушење. Во училиштето редовно се води грижа за развојот на учениците и нивно формирање во здрави, позитивни личности. На одделенските часови, се реализираат работилници, на кои учениците следат предавања за превенции од болести на зависност алкохол, дрога и пушење, насилството, дискриминација, пубертет како и асоцијално однесување.Во соработка со општинската организација на Црвен крст Скопје, редовно се спроведуваа хуманитарни активности и предавања. Училиштето располага со опрема за прва помош и заштита, ПП апарати и громобранска инсталација. Училиштето има изготвено План за евакуација, но при негова анализа се забележува непостоење ВТОР ИЗЛЕЗ од училиштето во случај на пожар, земјотрес и сл. Еден од приоритетите на училиштето треба да биде обезбедување на втор излез од училиштето, во случај првиот да е блокиран при земјотрес или друга елементарна непогода. Училиштето треба да изготви правилник или процедура за заштита од физички повреди на учениците и вработените, односно да се изнајде модел на лесна пристапност до опремата за прва помош и заштита. *За добивање на реална слика во училиштето на тема „Севкупна грижа за учениците“ направена е анонимна анкета со ученици од 10 до 14 години и добиени се следните резултати:*   *Резултати од анонимна анкета со родители*:  

6.2. Здравје на учениците и сите вработени

6.3. Соодветна помош за понатамошно образование за учениците

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Предавања • Анкетни листови • Записници од систематски прегледи • Одделенски дневник • Работен дневник на педагошко-психолошка служба • Флаери • Презентации од средни училишта	На почетокот на учебната година се врши дезинфекција и дератизација на училишните простории. Наставниците и другите вработени редовно се грижат учениците да ја одржуваат личната хигиена. Со реализацијата на воспитната компонента (на часот на одд.заедница и преку работилници од стручни лица) учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци и се анкетираат за да се утврди нивниот став по тие теми. Во училиштето се спроведува постојана едукација на учениците за консумирање здрава храна во рамките на редовните наставни содржини и проекти во текот на учебната година. Грижата за здравјето на учениците во изминатиот период се реализира преку активности во соработка со Центар за јавно здравје. Во соработка со Медицински центар –Скопје редовно се извршуваат сите тековни систематски прегледи. Со Центарот за социјални грижи-Скопје се остварува континуирана соработка според потребите на училиштето и самиот Центар за социјална работа, а се однесува за проблеми на наши ученици и нивните семејства. Во изборот на нивното понатамошно образование училиштето ги информира учениците за сите средни училишта во градот и пошироко, условите за упис во истите и врши презентација на нивните програми. Се спроведуваат анкети за испитување на желбите и интересите на учениците и се вршат индивидуални средби со педагошко служба и одделенските раководители. *За добивање на реална слика во училиштето на тема „Здравје на учениците“ направена е анонимна анкета со ученици од 10 до 14 години и добиени се следните резултати:*   Резултатите од анонимна анкета со ученици укажуваат дека училиштето во целост им помага на учениците во избор на идната професија, а поголем дел од учениците сметаат дека училиштето води грижа за здравјето на учениците.

6.4. Училишна клима и односи во училиштето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Куќен ред • Еко кодекс • Анкетни листови • Правилник за педагошки мерки • Извештаи • Годишна програма на училиштето • Кодекс на однесување на наставници и ученици • Годишни планирања на содржините од Образование за животни вештини, Граѓанско образование • Пофалби, награди, признанија	Училишната клима и односите во училиштето се темелат врз основа на Куќниот ред, Кодексот на однесување и Еко кодексот. Истите доследно ги почитуваа повеќето чинители во воспитно-образовниот процес. Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар е почитуван од страна на родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на непосредните носители на воспитно образовната работа. Во неговата изработка учествувале наставници од училиштето, директорот и стручната служба. Разгледан и донесен на состанок на Наставничкиот совет на училиштето. Кодексот е истакнат на видно место во училиштето. Училиштето има Кодекс на однесување на родителите. Во неговата изработка земале учество родителите, претставници во Училишниот одбор. Во училиштето постои Кодекс на однесување на учениците. При изготвување на Кодексот на однесување, учениците активно се вклучени и истиот го почитуваат. Наставниците посебно внимание посветуваат на воспитанието на учениците, одржување на хигиената, односот кон инвентарот, однесувањето во училиштето и дворното место. Училиштето се грижи за безбедноста на учениците. Постои распоред за дежурни наставници. На секој спрат во училиштето има по два дежурени наставници. Во училиштето, постои соработка меѓу вработените, учениците и родителите вклучени во воспитно-образовниот процес. Раководниот и наставниот кадар има важна улога во воспоставување и почитување на односите меѓу наставниците и учениците со што се создава добра атмосфера во училиштето. Училиштето води политика на взаемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција . Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата. Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Поголем број од наставници и ученици истакнаа дека учениците се однесуваат добро во училиштето. Училиштето го применува Правилникот за изрекување педагошки мерки. При изрекувањето на педагошките мерки училиштето го повикува родителот, на кого му се соопштува мерката. Од извршен разговор со социолог, прегледаната документација е забележано дека секоја педагошка мерка се пишува во писмена форма. Преку работата на ученичката заедница учениците учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето на одлуки.

За добивање на реална слика во училиштето на тема „ Училишна клима и односи во училиштето“ направена е анонимна анкета со ученици од 10 до 14 години и добиени се следните резултати:





Резултати од анонимна анкета со наставници:









6.5 Еднаквост и правичност

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани**
• Годишна програма на училиштето • Анкетни листови • Интервју со членови од Тимот за Меѓуетничка интеграција на образованието • Годишен извештај на училиштето • Кодекс на однесување на наставниците • Годишни планирања на содржините од Образование за животни вештини, Запознавање на околината, Граѓанско образование • Пофалби, награди, признанија • Годишен извештај на училиштето, правилник за изрекување педагошки мерки	Учениците и наставниците во училиштето се запознати со правата на децата и истите главно ги почитуваат. Одделенските раководители ги запознаваат учениците со нивните права на часовите за одделенска заедница и преку воннаставни активности. Сите вработени подеднакво се однесуваат кон сите ученици независно од пол, вероисповед, социјален статус и други разлики.Во училиштето еднаквоста и правичноста се застапени кај сите негови учесници а посебно преку успешната имплементација на програмата за „Меѓуетничка интеграција на образованието“ во воспитно-образовниот процес. Вработените постојано ги насочуваат децата да се грижат за училиштето како и едни за други. Учениците се запознаваат со своите права, но и задолжителното почитување на правата на другите како и извршувањето на своите обврски. Училиштето се грижи за безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот и ја зајакнува партиципацијата на учениците и родителите во заедницата. *За добивање на реална слика во училиштето на тема „ Еднаквост и правичност“ направена е анонимна анкета со ученици од 10 до 14 години и добиени се следните резултати:*   *Резултати од анонимна анкета со наставници*:  

6.6 Финансиско работење на училиштето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани
• Финансов план • Анкета со наставници • Интервју со директорот	Училиштето е непрофитабилна воспитно-образовна институција, која главното финансирање го добива од Министерствпо за образование и наука. Со процесот на децентрализацијата и ставањето на училиштето под ингеренции на Локалната самоуправа, целосното финансирање се трансферира преку Општината Чучер-Сандево. Сите постапки поврзани со финансиско работење коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. За училишниот буџет и за трошоците, информации има директорот на училиштето и лицата кои раководат со финансиското работење. Финансиката служба врз основа на однапред изготвени критериуми изготвува финансиски планови однапред за тековната година. Училиштето на почетокот на секоја година изготвува годишен план за јавни набавки. Исто така изготвува и план за секоја жиро сметка со која располага училиштето посебно. Финансиските планови ги опфаќаат планираните приходи кои се потребни за одвивање на работењето на учили штето, и расходите кои на основа на нив ќе бидат направени во текот на работењето Раководнипот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства и тој го следи наменското трошење на овие средства. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Во училиштетпо постои Комисија за јавни набавки која работи според сите правилата и прописите поврзани соп реализацијата на јавните набавки. Финансиското работење на училиштето се врши преку три жиро сметки, со наменски средства од Министерството за образование и наука, општината и сопствени приходи на училиштето. *Резултатите од анкетата со наставници покажуваат дека поголем дел од наставниците се делумно запознаени Планирањето и трошењето на училишниот бицет*  На крајот од годината преку изготвените завршни сметки се известуваат и членовите на Училишниот одбор, локалната заедница, УЈП, Државниот завод за ревизија. Преку делегираните членови на Училишниот одбор од страна на локалната заедница, истата добива информации за начинот на финансиското работење на училиштето. Родителите се информирани преку Советот на родители од своите претставници во УО.

6.7 Цели и креирање на училишната политика

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Годишна програма на училиштето; • Извештаи за работата и постигнатите резултати • Записници од работата на стручни органи	Стратешките и развојните цели се дефинирани во изготвениот Развоен план на ушилиштето. Нивното дефинирање се темели на процесот на самовреднување, согласно процедурите пропишани во Законот за основно образование. Континуирано се изготвуваат акциони годишни планови, во кои се операционализирани конкретните цели и активности. Преку работата на стручните органи во училиштето се прави анализа на реализацијата на акционите планови, со насоки за подобрување на процесот на реализација на поставените цели.

6.8. Развојно планирање на училиштето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани
• Развоен план, • Годишна програма за работа на училиштето, • Самоевалвација, • Акциони планови, • Записници од органите и телата, • Документација за семинари • Прашалник за идентификување на потребите, • Записници од стручни активи, • Полугодишни и годишни извештаи, • Пописни листи, • Апликации за сработени проекти	Во училиштето постои План за развој на училиштето. Во него се опишани целите кои се јасни и во склад со мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Училиштето за дел од поставените цели има акциски планови и доследно ги спроведува, а за останатите цели се спроведуваат активности преку кои истите се реализираат. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати преку состаноци на стручните органи и тела, преку родителско – наставнички средби, брошура за родители и училишен весник кој се издава еднаш годишно. За Годишното планирање во училиштето е одговорен директорот, во соработка со раководниот тим на училиштето во состав: претседатели на стручни активи и стручни соработници кои ја изготвуваат Годишната програма за работа на училиштето. Членовите на стручните активи даваат свои размислувања за изгледот на Годишната програма, по подрачја. Предлозите и размислувањата на стручните активи преку нивните претставници се разгледуваат на заедничките средби и се имплементираат во новата годишна програма. Преку дефинирање на приоритетните задачи во годишната програма се врши краткорочно планирање на целите кои што од своја страна произлегуваат од Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Развојниот план на училиштето. Планирањето се базира врз податоци од: состаноците на стручните активи, предлозите на Наставничкиот совет, одделенските совети, Советот на родители на училиштето и Училишниот одбор. Темите за стручно усовршување на наставниот кадар кои ги избира училиштето се во склад со Развојното планирање на училиштето и приоритетните задачи во Годишната програма на училиштето. Понекогаш стручното усовршување се базира врз прифатени проекти и во согласност со реализацијата на концепцијата за деветгодишно образование Училиштето има воспоставено процедура преку која што се врши дисеминација. Обучените наставници го споделуваат своето стекнато знаење преку стручните активи и преку индивидуалната и тимска соработка со колегите. Училиштето редовно и навремено ги идентификува и планира потребите од материјално-технички средства, индивидуални разговори, увид во постоечката состојба во училиштето, предлог финансискиот план, планот за јавни набавки и Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето преку горе наведените планови обезбедува средства за нивно континуирано одржување. Училиштето редовно изработува проекти, со истите аплицира и со добиените средства врши подобрување и осовременување на инфраструктурата во училиштето имајќи ги во предвид зацртаните приоритети.

Јаки страни

- Сите средства кои се слеваат на жиро сметките се строго наменски и се употребуваат за онаа цел за која се наменети.
- Интерна и медиумска промоција на успесите на учениците и наставниците.
- Училиштето води грижа за емоционалното,менталното и социјалното здравје на учениците
- Училиштето успешно се справува со недисциплина и појава на насилство
- Училиштето води грижа за правата и достоинството на учениците
- Училиштето води грижа за учениците со ПОП, ученици со потешкотии, ученици од ранлива категорија како и за талентирани и надарени ученици
- Стручната служба врши идентификација на ученици со потешкотии,од ранливата категорија и ученици со ПОП
- Училиштето води максимална грижа и помош за учениците од социјално загрозени семејства
- Во училиштето се врши професионално информирање и ориентирање на учениците за продолжување на образованието
- Училиштето е препознатливо во локалната средина по квалитети и по постигнувања на учениците како и добра атмосфера и клима
- Редовно се реализираат активности за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот
- Не постои дискриминација во училиштето според полот,националност и социјален статус
- Редовно се промовираат постигнувањата на учениците и наставниците во локалната средина
- Креирањето на училишната политика се базира на изготвениот Развоен план и соработката со сите стручни органи и тела во училиштето

Слаби страни

- Непостоење втор излез од училиштето во случај на пожар, земјотрес и сл.
- Да се обезбеди лесна пристапност до опремата за прва помош и заштита.
- Недоволно почитување на куќниот ред на училиштето и правилата на однесување од страна на некои вработени и ученици
- Вработените не се запознаени со финансиското работење на училиштето
- Недоволно и нередовно вршење на дисеминации

. Приоритети

- Доследно почитување на куќниот ред во училиштето
- Обезбедување лесна пристапност до опремата за прва помош и заштита.
- Обезбедување на втор излез од училиштето

Подрачје 7. Соработка со родители и со локалната средина

Оддели во рамките на подрачјето:

1.Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Теми:

1.1 Соработка на училиштето со родителите

1.2. Соработка со локалната заедница

1.3. Соработка со деловната зедница

Подрачје : 7. Соработка со родители , Локалната и Деловната заедница

Собирање на податоци	
Методи кои се користени за добивање на податоци:	**Кои информации се собрани?**
-**Годишна Програма** за работа на училиштето за учебната 2019/2020 година; -Записници од **Одделенски** и **Наставнички Совети** -Записници од состаноци на **Совет на родители** -Записници од состаноци на **стручен актив** -Записници од **Училишен одбор** - Огласна табла за Приемни денови на наставниците која е јавно истакната; Записници од **родителски состаноци** **Извештаи** од спроведени работилници. **Лични средби**	Училиштето планира разновидни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. За таа цел се користат најразновидни форми за комуникација со нив. По завршување на секој класификационен период се организираат родителски средби. Секој наставник уште на почеток на учебната година одредува свој приемен ден, кој се истакнува на огласна табла во училиштето. Притоа училиштето ги приспособува деновите и термините за родителските средби на времето и потребите на родителите. Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во образованието и животот на нивните деца преку воннаставни и проектни активности, екскурзии од научен и рекреативен карактер, организирани хепенинзи и други манифестации кои се спроведуваат во училиштето. Родителите партиципираат во Советот на родители на паралелките и на ниво на училиште, како и во Училишниот одбор на училиштето, при што нивниот избор се врши на најдемократски начин. Училиштето е отворено за соработка и со локалната заедница, како и со стопанските организации во неа и таа соработка е взаемна.
<u>Анкетен прашалник за родители</u>	**<u>1.1.Тема за анализа:Соработка на родителите со училиштето</u>**
	Анкетата за родители беше спроведена со цел да се истражуваат искуствата на родителите од известувањето за наставните и воннаставните активности на учениците, при што беа поделени 30 анкетни листови на родители чии ученици се во оддлеленска и предметна настава; На прашањата ги дадоа следните одговори -приложени во анкетниот прашалник со да или не, но и со давање на сугестии и предлози од нивна страна потребни за добивање на целосната и реална слика за нашата соработка со нив: **1. Дали сте доволно информирани за активностите кои се организираат во Училиштето?** ДА (69,2%) НЕ(23,07%)

	2. На кој начин училиштето Ве информира за организираните активности? Родителите одговориле преку Родителски средби,писмено известување,Совет на родители, класниот раководител, преку нивните деца, е-маил, социјалните мрежи и Веб сајт на училиштето . **3. Дали активно учествувате во воннаставните активности кои ги организира училиштето?** ДА(30,7)% НЕ (61,5) 1 нема одговорено **4. На кој начин сте вклучени во животот на училиштето?** Родителите одговориле дека се вклучени во животот на училишето преку:Родителски средби , Вонаставни активности , Совет на родители и проекти; **5. Дали сте присутни на Родителските средби ?** ДА(100)% НЕ (0%) **6. Дали сте вклучени во Новогодишните или Велигденските Хепенинзи?** ДА (46,1%) НЕ (46,1%) (бидејќи имале други обврски) **7. Дали сте вклучени во разни предавања организирани од страна на училиштето?** ДА (34,6%) НЕ (57,6%) (бидејќи не биле информирани за такви предавања, не биле информирани, не биле поканети, немаат слободно време) **8. Дали самоиницијативно го посетувате училиштето и се информирате за успехот на своето дете?** **ДА(69,2%) НЕ(23,07%)** **9.Дали знаете дека наставниците имаат Приемни денови односно часови кога можат да се извршат консултации со родители?** ДА (84,6%) НЕ (7,69%) **10.Во кои воннаставни активности сте била вклучени?**

	Родителите биле вклучени во : Советот на родители, МИО, уредувањето на училниците, Еко-проектот, Новогодишни и Велигденски хепенинзи, на натпревари, натпревари во цртаење пишување; **11.Во кои воннаставни активности не сте биле, но би сакале да бидете вклучени од страна на училиштето?** Повеќето родители не одговориле на ова прашање,само некој од родителите би се вклучил во некоја активност ако би биле повикани и ако можат да помогнат ,а некои немале време за воннаставни активности; **12.Дали постои соработка помеѓу родителите и училиштето?** **ДА(76,9%) НЕ (15,3%)** **13.Во која област Вашата соработка со училиштето би била корисна за учениците?** Повеќето родители одговориледека би соработувале за било која област а посебно во активности кој се однесуваат за подобрување на успехот, за подобрување на хигиената во училиштето, средување на училишниот двор и во се што одговара на возраста на учениците. **14.Дали училиштето организира предавања од страна на стручната служба?** **ДА(80,7%) НЕ(11,5%)** **15.Наведете на кое предавање би сакале да присуствувате во училиштето заедно со своето дете?** Половина од родителите не одговориле на ова прашање, додека коментарите од останатите родители е дека би сакал да присуствуваат на предавања од областа: сексуално воспитување (со образложение дека е важно за развојот на децата во пубертет), за грижата за здравјето на децата, за културно однесување,предавања за штетноста од цигарите, дрогата и предавање за заштита од Хив сида;предавање за етички вредности. **16.Дали би можеле и би сакале да дадете придонес во некој сектор од училиштето за да се подобри квалитетот на учењето или средината во која учат учениците, наведете кој?** На ова прашање повеќето испитаници одговориле со незнам, а некои како

	поединци се изјасниле дека неможат да помогнат **17.Дали сте запознаени со Годишната Програма на училиштето?** ДА(65,3%) НЕ(34,6%) **18.Дали членовите на Советот на Родители Ве известуваат за Годишната Програма на училиштето?** ДА (42,3%) НЕ(50%) **19.Напишете свое мислење за подобрување на Соработката помеѓу Училиштето и Родителите:** Најголем дел од анкетираните родители одговориле дека соработката е одлична, а мал дел од нив одговориле дека би сакале почести состаноци на советот на родители, почести родителски средби и поголема информираност. **20.Дали преку членот на родители од Советот на родители во Училишниот Одбор сте известени за Одлуките на Училишниот Одбор кој ги донсува на своите состаноци?** ДА(46,1%) НЕ (46,1%)
Собирање на податоци **Тема 1.2. , 1.3. Соработка со Локалната и деловната заедница:**	
Наведете ги сите документи кои се прегледани.	Кои информации се собрани
<u>Интервју со директорот на училиштето, стручна служба-педагог</u>	**Работен тим:** 1. **Верче Славковиќ** 2. **Маја Тапарчевиќ** 3. **Благица Гогова** 4. **Ирена Јошевска**
	Интервјуата за директорот и стручната служба беа спроведени за истражување на искуствата и добивање на податоци за стојбата во изминатиот период од три години: ▪ **Дали постои отворена соработка меѓу Училиштето и Советот на родители?** На првото прашање двете се изјасниле позитивно; ▪ **Дали постои отворена соработка меѓу Училиштето и Локалната Самоуправа?**

	На второто прашање двете се изјасниле позитивно; ▪ **Дали училиштето планира соработка со <u>родителите</u> и <u>Локалната самоуправа</u>?** На третото прашање двете се изјасниле позитивно; ▪ **Во која дел <u>родителите</u> се вклучени во училишните активности?** Во проекти, работилници, планирање на годишна програма, план за развој, програма за екскурзии; ▪ **Дали училиштето планира вклученост на <u>родителите</u> на разни трибини или дебати планирани од страна на Стручната служба на училиштето?** На петото прашање двете се изјасниле позитивно, и наведено е дека се планираат трибини за насилство во училиштето, трговија со луѓе, подобрување на успехот; ▪ **Дали е спроведена Анкета на родителите со која ќе се согледа насоката во која ќе се спроведуваат активностите поврзани со родителите?** На шестото прашање еден одговор е позитивен и еден негативен; ▪ **Дали училиштето планира соработка со Локалната самоуправа?** На седмото прашање двете се изјасниле позитивно ▪ **Колку видови Проекти како поддршка на училиштето се реализирани со Локалната Самоуправа и кои, во изминатиот период од три години?** МИО проект, ЕКО проект, црвен крст, антикорупциска и натпревари; ▪ **Дали училиштето води документација за добиени донации или спонзорство за активност поврзана со учениците?** На деветото прашање се изјасниле негативно; ▪ **Дали училиштето соработува со Деловната Заедница во Општината?** Два одговора се позитивни ▪ **Доколку постои потреба дадете свое мислење како да се подобри соработката помеѓу училиштето и родителите:** Треба да постои поголема активност во вклучување на проекти ▪ **Доколку постои потреба дадете свое мислење како да се подобри соработката помеѓу училиштето и Локалната самоуправа:** Нема одговори за 12-тото прашање;

Подрачје 7. Соработка со родители , Локалната и Деловната заедница.

Резултати:
Клучни јаки страни: ▪ Родителите имаат можност да се вклучат во животот на училиштето преку најразновидни форми и активности ▪ Постои добра соработка меѓу Советот на родители и училиштето ▪ Постои отворена и взаемна соработка со локалната заедница
Слаби страни ⅄ Поголемо ангажирање од страна на родителите при спроведување на проектни активности во училиштето ⅄ Стопанските организации од локалната заедница не се отворени за помош и финансиска поддршка на училиштето
Анализа на резултатите:
Училиштето планира разновидни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа.За таа цел тоа користи најразновидни форми за комуникација со нив.По завршување на секој класификационен период се организираат родителски средби, а еднаш месечно, отворени денови кога родителите можат да се информираат за успехот и однесувањето на своето дете. Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во образованието и животот на нивните деца преку предавања во врска со одредени професии и теми од областа на здравјето, во воннаставни и проектни активности, екскурзии од научен и рекреативен карактер, организирани хепенинзи и други манифестации кои се спроведуваат во училиштето. Родителите партиципираат во Советот на родители на паралелките и на ниво на училиште, како и во Училишниот одбор на училиштето, при што нивниот избор се врши на најдемократски начин. Училиштето е отворено за соработка и со локалната заедница, како и со стопанските организации во неа и таа соработка е взаемна.
Идни активности: 1. Поголемо ангажирање од страна на родителите при спроведување на проектни активности во училиштето 2. Да се оствари контакт со стопанските организации од локалната заедница за помош и финансиска поддршка на училиштето